Радко НАЧЕВСКИ

# НАЦИОНАЛНОТО И НАДНАЦИОНАЛНОТО ВО СТРАТЕГИСКИОТ КОНТЕКСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 21 ВЕК

## Вовед

Македонското поднебје, со просторна лоцирансот на централниот балкански воено-политички и геостратегиски контекст и со респективни природни ресурси и потенцијали, низ целиот период на историскиот развој било предмет на стратегиски интереси и цели на разни по моќ државно-политички субјекти, коалиции и сојузи, од првичните просто организирани (антички) до современите.

Изборот на методите и средствата на стратегиската практика бил соодветен на степенот на цивилизацискиот развој, со димензија од непосредна примена на воените средства до примена на суптилните средства на стратегиите на посредното настапување.

Со оглед на фактот дека врз новосоздадената македонска држава, во однос на севкупниот стратегиски контекст (политички, економски и воен), силна пресија вршат повеќе стратегиски глобалитети во чие средиште се интегративните процеси на капиталот системот како негова глобална стратегиска практика и цел, актуелната Руска стратегија и стратегиите на земјите од македонското окружување, како и поради фактот дека македонската политика сеуште ја нема целосно анимирано транспарентноста на својот стратегиски контекст, што од своја страна е додатен мотив за екстерната стратегиска пресија, целта на овој труд е, врз основа на научната опсервација на авторот на актуелната екстерна глобална, регионална и на некои моќни сили стратегиска практика и на соодветните состојби и процеси на македонскиот простор, глобална елаборација на стратегискиот пристап во одредувањето на целите и акумулирањето на моќта на македонскиот стратегиски контекс во предзорјето на 21 век.

## 1. Појмовно детерминирање на современата македонска стратегија

Суштината на поимот современа македонска стратегија не претставува некакво ново политичко - филозофско врамување на поимот стратегија. Напротив, тој е конзистентен на општо прифатеното значење на современата стратегиска мисла и практика кој подразбира и вклучува широк спектар на политички, економски, воени и дипломатски средства, кои во соодветно време, услови и простор овозможуваат реализирање на глобалните стратегиски цели на државно-политичките субјекти.

Во теориското осмислување на појмовното детерминирање на современата стратегија, фундирано во науката и стратегиската практика, посебно се илустративни дефинициите на американските стратези Рапопорт А.[1] и Озгуд Е. Р.

Според Рапопорт, кој поимот стратегија го доближуа до поимот национални интереси, стратегијата е „вештина која овозможува мерење и поврзување на сите средства со кои располага еден народ и држава со цел да се обезбеди успех на изразито дефинираната политика. Со комбинирање на мирните средства со севкупните расположиви средства за дејствување, двет активности се подредуват на политиката која ги создава и дефинира националните интереси на државата“.

Според Озгуд, стратегијата е „широк план на користење на сите средства, од воените, економските, дипломатските до психолошките, со кои, заедно со употребата на легалните и премолчени средства се помага надворешната политика“.[2]

Оттука, современата македонска стратегија може да се дефинира како **соодветен степен на акумулирана политичка, економска, воена и друга неконвенционалнa моќ, која на политиката во секое време, услови и простор ќе и овозможи не пречено да ги остварува и надградува државните и националните интереси**.

Со оглед на севкупните стратегиски пулсирања на новосоздадениот стратегиски амбиент на глобално и регионално рамниште, во македонското окружување и на севкупните состојби и процеси во интерниот простор, македонската држава моќта на сопствените стратегиски сили и средства може да ја акумулира и гради само во интегриран контекст со европските и трансатланските асоцијации и колективитети кои се темелат на системот на заемни интереси на државно политичките партиципиенти. Само во целосно заемен интегриран стратегиски контекст, како цивилизациски тренд на развојот во 21 век, македон-

1. Rapoport A., Strategy and Conscience, New York, 1964, p. XI
2. Osgood R., NATO: The Entangling Alliance, Chicago, 1962.

ското државно и национално битие ќе може да опстојува, суштествува и да се надградува. Тоа од таму, што само во таков амбиент, во амбиент на споделени суверенитети, ќе можат од дневен ред да се симнат и сите хипотеки врзани за „македонското прашање“.

## 2. Основни претпоставки на современата македонска стратегиска мисла и практика

Стратегиските определби на македонската држава се темелат врз неколку начела. Тие во скоро сите стратегиски прирачници се детерминирани како основни претпоставки на стратегиското мислење. Од нив зависи правилниот избор на методите, средствата и силите кои треба да овозможат реализирање на стратегиските цели во дадени услови, простор и време.

Основните претпоставки на современата македонска стратегиска мисла и практика се конзистентни со претпоставките на глобалниот европски и трансалтански политички, економски и военостратегиски контекст. Тие се следниве:

- **рационалност** во изборот на стратегиските сили и средства. Претпоставката тргнува од фактот дека, македонската стратегија, моќта (акумулираност, влијание и функција) на силите и средствата (политички, економски и воени) единствено може да ја гради и експонира во целосна интегрираност со европскиот односно трансатланскиот стратегиски колективитет;

- **реализам** во котекстот на создавањето на најоптимални предуслови за стратегиско делување и влијание во современите меѓународни односи. Претпоставката тргнува од фактот дека во супранационалниот колективитет македонсакта држава, како негов колекивен партиципиент, не само што се стекнува со целосен меѓународен кредибилитет туку обезбедува и кооптивна моќ на политиката во колективитетот и пошироко;

- **мир и безбедност**. Оваа стратегиска претпоставка тргнува од определбите на македонската политика дека само во услови на мир и безбедност во екстерниот и интерниот простор може да се достигне развојот, благосостојбата и опстојувањето на секој национален ентитет а од тука и на македонскиот. Оптималните предуслови можат да се стекнат само во европскиот и трансатлантскиот колективитет како највисока форма на севкупното демократско организирање, во кој војните и оруженото насилство помеѓу партиципиентите се исклучени.

Од друга страна, колективитетот се повеќе се пенетрира во фактор на светскиот мир и безбедност и гарант на истите како неделива категорија и

- **стратегиска проекција на идните состојби**. Смислата и содржината на стратегијата е токму во оваа стратегиска претпоставка. Тоа од таму, што во каузалниот однос со претходно детерминираните претпоставки, треба да даде одговор на многу непознати, понекогаш и на тешко замисливи состојби и процеси што треба да се случат во иднина. Оттука, стратегиската проекција на идните состојби подразбира избор на најоптимални стратегиски методи, сили и средства кои на политикта ќе и обезбедат реализирање на глобалните стратегиски цели. Уште повеќе, што иднината не смее да се сфати како експеримент туку како објективна меѓународна состојба.Од тој аспект, во интегрираниот стратегиски контекст се исклучува волунтаризмот кој може да доведе до стратегиско слепило во проекцијата на идните состојби.

### 3. Детерминанти на македонската стратегиска мисла и практика

Релевантните методи, средства и сили на стратегијата кои на политиката можат да и обезбедат реализирање односно одбрана на македонските државни и национални интереси, како што е нагласено, единствено можат да се осмислат ако се засновани врз фактите на науката која во зафаќањето на проблемот тргнува од детерминираните претпоставки на стратегиското мислење.

Оттука, врз основа на опстојна опсервација и анализа на актуелните глобални политички, економскии воено-стратегиски процеси и промени во екстерниот и интерниот простор, ослободени од виши партиски, политички и други интерси, тргнувајќи од аспект на државните и националните интереси и цели на новосоздадената македонска држава, можат да се изведат и утврдат фундаментите на глобалниот стратегиски модел за 21 век.

Од тој аспект, детерминантите на македонската стратегиска мисла и практика (1) **македонските државни и национални интереси**, (2) **цели за поддршка на македонските интереси**, (3) **политичката моќ**, (4) **економската моќ** и (5) **воената моќ** се презентирани во нивната глобална димензија и суштинско значење што се доволен аргумент за воопштено проспективно врамување на проблемот.

Методолошкиот пристап во експликацијата на детерминантите е во корелација со глобалната враменост на стратегиската мисла и практика на водечките земји на капитал системот, посебно на американската како проминентна наднационална стратегија во системот. Тоа до таму, што македонската стратегија како конзистентна на европската односно на трансатланската, неможе да се разгледува одвоено од стратегијата на колективитетот па дури кога станува збор и за методолошка експликација.

### 3.1. Македонските државни и национални интереси

Македонската стратегија ги обезбедува државните и националните интереси на Републиката кои претставуваат широка основа за остварување на државните и националните цели. Виталните државни и национални интереси кои стратегијата во рамките на споделениот суверенитет со европскиот односно трансатланскиот интегриран стратегиски контекст ќе и ги озбезбеди и заштити на Републиката се следните:

1. Опстојување на Република Македонија како слободна и независна земја, што впрочем произлегува од основните уставни определби, и од тој аспект, нејзините темелни вредности (уставни) да останат негибнати а институциите на системот и граѓаните безбедни;

2. Здрава и конкурентна македонска економија како основа на благосостојбата и просперитетот на државата и индивидуата;

3. јакнење на човековите слободи и демократските институции;

4. Мир и здрави односи со сојузниците и останатите земји.

### 3.2. Цели за поддршка на државните и националните интереси

Целите произлегуваат од државните и националните интереси и претставуваат општи насоки за реализирање на стратегискиот контекст во дадени состојби кои бараат координирано користење на националната моќ стекната во интегрираниот наднационален статегиски контекст.

Целите се следните:

1. Зачувување на безбедноста на Република Македонија во европскиот и трансатланскиот амбиент.

Република Македонија со националната односно интегрираната моќ, секогаш треба да биде подготвена да осуети или одврати секој вид на агресија. Во тој контекст реализирањето на целта подразбира:

а) да се одврати оружениот напад врз земјата,

б) да се обезбеди ефикасно спротивставуање на заканите по безбедноста на државата и нејзините граѓани без оружен судир, со средства и методи кои произлегуваат од стекнатата кооптивна моќ, во рамките на европскиот интегриран контекст,

в) користење на кооптивната моќ за спречување на можностите и амбициите за стекнување на статус на регионална сила од страна на било која држава од македонското окружување,

г) користење на стекнатата моќ за спречување на трансфер на воени технологии и ресурси што можат да бидат од исклучително

значење за непријателски расположените земји и за можните идни коалиции надвор од европската и трансатланската интегрираност,

д) јакнење на цивилната одбранбена компонента и

ѓ) јакнење на силите на безбедноста на Републиката за успешно спротивставување на методите, средствата и силите на стратегиите на посредното настапување на интерните и екстерните сили насочени кон институциите на системот и безбедносниот контекст воопшто, посебно за спротивставување на тероризмот за кој се смета дека ќе биде во перманентно експонирање без голед на обоеноста и екстерната и интерната припадност.

2. Втората цел без која не ќе може да се реализираат и одбранат македонските државни и национални интереси е создавањето на конкурентна економија која ќе биде во состојба да одговори на предизвиците на глобалното стопанство. Тоа од причини, бидејќи функционирањето на интегралната безбедност и економската моќ на државата се корелативни и фактички неделиви.

Со оглед на тоа, дека во постиндустрискиот цивилизациски развој глобалното стопанство се развива врз специфични законитости диктирани од пазарната економија и се поголемата меѓузависност на факторите на развојот условени од високите технологии, неследењето односно доцнењето зад таквата логика на економскиот развој Републиката ќе ја води кон маргините на развојот и економскиот колапс. Бидејќи македонската зависност од екстерните извори е голема, целосната интеграција во евро - трансатланскиот стратегиски контекст создава големи можности за реализирање на оваа цел.

Од тој аспект реализирањето на целта подразбира:

а) градење на конкурентното стопанство врз основа на пазарната логика,

б) да се обезбеди пристап на странските пазари и непречен прилив на капитал, технологии, енергија и други потребни извори,

в) да се унапредуваат и обезбедуват патиштата кои водат кон целосна интеграција со европскиот интегриран економски систем и со светскиот финасиски и трговски систем.

3. Прифаќање и градење на идеалот на демократијата, слободата и човековите права. Во целосно интегрираниот евро - трансатлански стратегиски контекст, на македонскиот простор ќе се овозможи целосно прифаќање и реализирање на демократскиот цивилизациски концепт кој во македонскиот повеќенационален, мултикултурен и повеќе конфесионален амбиент претставува појдовна основа за зачувување на македонската државност.

Оттука, реализирањето на целта подразбира:

а) Нормативно - правно санкционирање на севкупниот демократски корпус и институционализирање на сите ниво што произлегуваат од истиот,

б) Во тој контекст е и инкорпорирањето на правата на малцинставата како што е сакнционирано со меѓународните акти;

в) Јакнење на интерните демократски институции и организации и унапредување на интерактивноста со соодветните меѓународни институции и организации со цел за целосно инкорпорирање во истите според демократскиот цивилизациски кодекс.

4. Четвртата глобална цел која треба да овозможи поддршка во реализирањето на македонските државни и национални интереси, во рамките на интегрираниот стратегиски контекст, е мирот и од тој аспект здраворазумското и мироѓубиво решавање на противречносите во интерниот простор, како и на противречностите и воените конфликти во регионалното и поширокото окружување кои го нарушуват или можат да го нарушат реализирањето на македонските државни и национални интереси.

За реализирање на оваа значајна цел, до целосно интегрирање во евро-трансатланскиот стратегиски колективитет, конкретно треба:

а) да се проучат и осознаат корените на интерните противречности и врз основа на сознанијата да се осмислат методите, средствата и силите кои ќе овозможат трајно решавање на истите и

б) во соработка со меѓународниот интструментариум за проучување и решавање на конфликтите да се проучат корените на нестабилноста во окружувањето и пошироко, како и нивните импликации врз интерната стабилност и мирот во Републиката, кои со себе носат или се експонираат како клици на воено конфронтирање, и во тој контекст активирање на меѓународниот инструментариум за зачувување на мирот како единствена алтернатива на цивилизацискиот развој а од тука и на македонскиот.

### 3.3. Политичката, економската и воената моќ

Тоа што политичката, економската и воената моќ се земаат како детерминанти на македонската стратегиска мисла и практика, произлеува од фактот што не постои државно-политички субјект кој во рамките на стратегијата се откажал од поединечната или вкупната моќ на трите сегменти на стратегискиот контекст. Напротив, трагањето по нови форми, методи и средства за да не се заостане во моќта е секојдневен и континуиран процес.

Целосната интегрираност на македонската стратегиска моќ во моќниот наднационален евро-трансатлански стратегиски контекст, имајќи ги во вид актуелните политички, економски и воени можности на Републиката како држава во формирање и инфериорна во трите сегменти на стратегиската моќ во однос на соседнтие земји [3] кои и во видоизменетиот балкански стратегиски амбиент не се откажуваат од целите во однос на македонското поднебје, овозможува целосно зачувување и развој на државниот и националниот идентитет и стекнување на кооптивна моќ на европската интерна и на останатата меѓународна сцена.

Иако во глобалниот контекст на политичката, економската и воената моќ е тешко да се направи остра разграниченост на поединечното манифестирање на сегментите поради меѓузависниот однос и испреплетеност на факторите кои ја одредуваат поединечната моќ на истите, трите сегменти ќе се елаборираат во нивниот глобален контекст од што произлеува иниванта глобална суштина како детерминанти на македонската стратегиска мисла и практика.

### 3.3.1. Политичка моќ

Суштината на политичката моќ како детерминанта на стратегијата произлегува од фактот дека стратегијата која не се темели врз моќта на трите сегменти на својот контекст, отука и на политичкиот не ќе биде во состојба да ги реализира целите а во дадени услови може да се случи и целосна стратегиска дисфункција.

Македонската политичка моќ, која произлегува од целосно интегрираниот однос на наднационалниот евро-трансатлански амбиент, се засновува на:

1. Целосна определеност за градење на политичкиот систем врз основите на западниот политички систем бидејќи западниот политички систем, со неговото прифаќање за свој систем од страна на скоро сите државно-политички субјекти од просторите на поранешниот реал-социјализам, се повеќе се пенетрира како светски цивилзациски систем.

Неговите општосветски цивилизациски вредности стануваат основен критериум во определувањето на главните правци на натамошниот цивилизациски развој и услов на планетарното ширење на интегративните процеси.

3. „The military balance 1994 - 1995", The International Institut for Strategic Studies, London 1994, во делот за СР Југославија, Бугарија, Грција, Албанија и Македонија.

2. На целосната определеност за влегување во интегративниот контекст кој се засновува на заемните интереси на државно-политичките партиципиенти.

Со влегувањето во интегративниот контекст заснован врз принципите на заемните интереси, во кој партиципиентите го споделуваат државниот и националниот суверенитет, зависно од достигнатиот степен на интегрираност, на субјектите им се обезбедува соодветна политичка, економска и воена моќ, односно соодветна кооптивна моќ во интегрираниот и во поширокиот екстерен политички контекст.

Европската Унија претставува највисока форма на интегрирано цивилизациско суштествување на партиципиентите засновано на новите законитости на цивилизацискиот развој за 21 век.

Политичкиот аспект на целосната македонска интегрираност во ЕУ претпоставува:

а) оживотворување на вековниот политички стремеж за живеење во мир и ненасилство како основен предуслов за опстојување и развој на македонскиот народ и на останатото граѓанство во македонската држава. Корените на определбата на ваквата политичка доктрина се наоѓаат во вековната борба на македонскиот народ и во стратегиската мисла и практика на макдонските стратези и преродбеници, и

б) политичко, културно и духовно обединување на македонскиот народ со народите од ЕУ. Тоа овозможува:

- целосен пристап и користење без ограничувања на сите културни, просветни и други инситуции и организации, што создава широки можности за културен натпревар без граници, во кој македонскиот идентитет ќе биде целосно почитуван и ставен на исто рамниште со другите европски култури;

- рамноправно членство во сите политички институции и организации во обединета Европа, што на македонската држава ќе и обезбеди кооптивна моќ како на рамноправен партнер во европското политичко одлучување (како на пример кооптивната моќ на Грција) и

- целосно реализирање на македонскиот сон за политичко, културно и духовно поврзување и обединување на разделеното македонско национално јадро на европските простори.

3. Во ЕУ од аспектот на политичкиот контекст целосно се реализира демократскиот либерален концепт на политичкото устројство зсновано врз федералистички основи. Тоа подразбира висок степен на меѓудржавен консензус по однос на интегрираното политичко устројство, што од друга страна значи симнување од дневен ред на сите меѓудржавни противречности кои биле извор и причина на европските делби и војувања.

Македонската политичка моќ, акумулирана во интегративниот политички контекст, ќе поседува способности за навек да го стави ад акта „секогаш" актуелното „македонско прашање".

### 3.3.2. Економската моќ

Економската моќ како детерминанта на македонската стратегија но и како средство на стратегиската практика, произлегува од целосно интегрираниот стаус на евро-трансатланскиот стратегиски контекст.

Прифаќањето, односно протежирањето на економската моќ како детерминанта на македонската стратегија развивана и апсорбирана во некаков национален економски контекст темелен на политичка фразеологија на непосточки економски и научно-технолошки предуслови или во контекст на некакви економски интеграции и асоцијации во окружувањето без економска и со декласирана технолошка подлога, што ќе каже надвор од западните економски колективитети, претставува свесно насочување кон маргините на економскиот и технолошкиот развој со стратегиска цел, економски колапс и рушење на македонската државност.

Ваквото стратегиско мислење произлегува од стратегиската претпоставка - проекција на идните состојби, процеси и промени, која македонскиот економски и технолошки развој во 21 век исклучиво го гледа во целосно достигнатиот степен на интегрираност на македонската економија во економските интеграции на капитал системот.

Таквата определба произлегува од следните конкретности и претпоставки:

1. Најевидентни и најимпресивни во новосоздадените меѓународни односи, втемелени на системот на заемни интереси, се интегративните состојби и процеси во економската и научно-технолошката сфера.

Од тој аспект, евидентен е процесот на настанувањето на новиот светски економски поредок. Развојот на глобалната светска економија го диктираат законитостите на пазарната економија во чие средиште е претприемништвото, кое на капитал системот му овозможува доминација на светските економски простори а воедно се пенетрира и како моќно стратегиско средство за пенетрација на неговиот стратегиски контекст на планетарните простори, што воедно е и глобална стратегиска цел.

2. Сите економски интеграции на капитал системот, ЕУ, НАФТА и АПЕК, во глобалниот економски контекст се во континуиран

развој, кои исто така вршат силна пенетрација на капитал системот на планетарните простори:

а) Европската Унија. Дванаесете земји на ЕЕЗ со верификација на Договорот од Мастрихт од 1. ноември. 1993 година започнаа да го реализират дамнешниот сон за живот во федерализирани односи уредени по системот на заемни интереси. На тој начин економската заедница прераснува во Европска Унија со сите елементи на федералистичко живеење. Со тоа таа станува практичен модел на натамошното регионално обединување на капитал системот (НАФТА, АПЕК), кое според достигнатиот степен на интегрираност отвара широки перспективи за меѓусебно интегрирање врз исти политички, економски и военостратегиски основи како Европската Унија, што во практиката би значело реализција на Раселовиот концепт за федерализација на планетарните простори врз законитосите на капитал системот, што воедно е и глобална стратегиска цел на стратегискиот контекст на капитал системот.

Започнатиот процес на европското интегративно ширење, официјално отворен на 1. 1. 1995 година со строго дефинирани услови за пристап, создава основни предуслови за реализирање на елаборираното проспективно видување за планетарна капитал интеграција.

б) Незадржив процес на економското интегрирање на капитал системот на планетарните простори потикнува и овозможува Договорот НАФТА-„Северноамерикански договор помеѓу САД, Канад и Мексико“.

Со договорот е предвидено укинување на половината царински бариери помеѓу договорените земји. Така, од 90 000-те стоки што се разменуват помеѓу САД и Мексико, 45 000 слободно ќе циркулираат во овој огромен пазар од 360 милиони потрошувачи.

в) Замислената идеја од 1989 година за регионално поврзување на земјите од Источен и Западен пацифик започнува да станува реалност. Кон крајот на Ноември 1993 година создаден е АПЕК-„Азиско-Пацифичка Економска Асоцијација“, а за какво економско поврзување станува збор илустративни се следните податоци: интеграцијата поврзува 26 земји кои денес го чинат најдинамичниот и економски најмоќниот регион во светот. На интегрираниот простор живеат две милијарди и двестотини милиони луѓе, што е повеќе од 40% од светското население, на кое му припаѓа 50% од вкупниот светски производ.

3. Идеолошките противречности и оружените насилства и војни, карактеристични за студеновоениот период, во интегрираниот свет се заменуваат со отворен натпревар за освојување на пазарите и технолошкиот примат. Во економските интеграции воената сила и нејзината употреба во интегрираниот контекст го губи некогашното значење.

Оттука, нови центри на моќ и влијание стануват економските интеграции.

4. Интегративните процеси се последица на брзиот високотехнолошки постиндустриски развој. Науката и високотехнолошкиот развој стануват основен критериум на благосостојбата на секое општество. Карактерот на високотехнолошките иновации, големи инвестиции-краток функционален и конкурентен век, ги принудува светските фирми да се откажуваат од директни технолошки судири кои можат да водат кон нивна директна пропаст.

Процесот на транснационализацијата на претпријатијата ги надминува разликите кои произлегуваат од политичките и општествените поделби помеѓу државите. Во средиштето на создавањето на светското стопанство повеќе не е меѓународната поделба на трудот, туку транснационализацијата на претпријатијата и интернационализација на производството.

Оттука, меѓусебното поврзување на транснационалните компании на регионално, континентално и интерконтинентално ниво засновано врз системот на заемните интереси условено од високотехнолошкиот развој, врши силно влијание врз интегрирњето на државно-политичките субјкети, кои во интегрираните целини постигнуваат целосен општествен, економски и одбранбен идентитет.

### 3.3.3. Воена моќ

Воената моќ како детерминанта на македонската статегија, воедно и како средство на истата, севкупната моќ ја акумулира во рамките на интегрираните безбедносни и одбранбени организации и воено политички сојузи како рамноправен партиципиент на споделниот безбедоносен и одбранбен контекст.

На овој начин акумулираната воена моќ ќе биде во состојба да го одврќа секој намерник од воена агресија без оглед на моќта на неговите сили и средства, но ако сепак до агресија дојде, македонската интегрирана воена моќ во рамките на евро-трансатланскиот воено одбранбен контекст ќе биде во состојба да ги неутрализира и уништи силите и средствата на военото насилство на агресорот.

Преферирањето за градење на одбранбени способности кои исклучиво ќе се потпират врз сопствените извори и можности или врз моќта на некакви новосоздадени воени сојузи во окружувањто, надвор од постојните интегрирани безбедносни и воено-одбранбени организации и воено-политички сојузи, претставува стратегиско слепило во

поглед на сопствените одбранбени можности и на воената моќ на земјите во окружувањето и пошироко.

Определбата за целосно интегрирање, односно за споделување на националното во наднационалните безбедносни и воени организации и колективитети, произлегува од нивната актуелна организациско-функционална изграденост и способност во целост да ја извршуваат својата здача на интерен и екстерен план и приметната пенетрација под своја јурисдикција целосно да ја преземат грижата и одговорноста за обезбедување на мирот како на регионално така и на планетарно ниво и со тоа и грижата за судбината на цивилизацијата.

Во тој контекст се приметни следните состојби, процеси и перспективи:

1. <u>Воспоставувањето на системот на заемни интереси во меѓународните односи создава основни претпоставки системот на колективната безбеднсот на ООН да започне да ја извршува својта функција на начин како што за тоа се договориле народите и го зацртале во Повелбата на ООН:</u>

а) постојаните земји членки на Советот за безбедност по однос на проблемите врзани за обезбедувањето на светскиот мир и безбедност, се согласиле со Договор од 1990 година да не стават вето на ниту еден предлог (коментар: не се исклучува можноста за непочитување на догооренoто ако се работи за тактички потег на некоја од членките за изнудување на политички, економски или воен интерес кој не го загрозува глобалниот контекст), додека претходно не ги усогласат ставовите помеѓу себе;

б) силите на НАТО и ЗЕУ се пенетирираат како сили на ООН.

Потврда за ова е првичната Резолуција 816 од април 1993 година на Советот за безбедност, со која силите на овие воено - политички организации, де факто, за првпат од нивното формирање, со благослов на ООН, интервенирале како меѓународни сили во операцијта насловена како „Да се спречи летот";

в) во корелација со претходното е и проспективното видување на американскиот претседател Клинтон Б., дека се поголема станува потреба за формирање на „Главен штаб на ООН за мировни операции" кој ќе претставува екипа за планирање, логистичка поддршка со соодветни единици за брзо реагирање и оперативен центар за глобална комуникација.[4] Ваквото проспективно видување не е далеку од можноста во некое идно време да зпаочне процесот на глобална трансформација на актуелниот светски безбедносен систем.

2. <u>Поставување на ОЕБС на нови основи, обусловени од системот на заемни интереси, создава нови перспективи на планот на меѓународната безбедност:</u>

4. РОЈТЕР, 01. 07. 1993.

а) Стокхолмскиот документ од 1986 година и Парискаta Повелба за Нова Европа од 1990 година создаваат основни предуслови за ширење на просторната димензија на безбедностниот систем не само на европските туку и на азиските простори;

б) интерактивност со силите и средствата на НАТО во функција на безбедносниот систем и зачувувањето на мирот и безбедноста на регионално и светски ниво. Тоа произлегува од одлуката на НАТО усвоена во 1992 година, во која е зацртано дека министрите на НАТО „одлучиле нивните војници и опрема да бидат упатени во операциите за зачувување на мирот доколку тоа од нив ќе го побара КЕБС".[5]

Рамноправното членство во безбедносниот систем на ОЕБС создава реални можности и перспективи за целосно реализирање на безбедносните стратегиски цели на македонската стратегија за цивилизациски начин на живеење во повеќе националната македонска држава и зачувување на мирот и безбеднсота на овие простори како неделива категорија во европскиот безбедносен контекст.

3. <u>Интегративните процеси во Европската Унија се заокружуваат со создавње на сопствен столб за одбрана.</u> Суштината е реализирање на чл. 5 од Договорот за ЗЕУ кој претпоставува заедничка одбрана на земјите членки во Унијата и на нивните интереси во екстерниот простор.

Според договореното, на 5 ноември 1993 година е формирана Висока команда на Европската армија, составена од сили на Франција, Германија и Белгија под раководство на германски генерал. Јадрото на евровојската ќе биде составено од 35 - 40 000 војници кои во оперативна сосотјба ќе бидат од 1995 година. Меѓутоа, тоа не значи ставање на реска разграниченост на одбранбените работи помеѓу ЗЕУ и НАТО на интерните и екстерните простори. Напротив, кога станува потреба за одбрана на заедничките витални интереси надвор од колективитетите до целосен израз доаѓа интеракцијата на заедничката уништувачка моќ.

Тоа го потврдува заедничката воена активност во рамките на мултинационалните сили (американски, француски и други) во „Заливската војна" од 1991 година.

Оттука, како императив се наметнува потребата за партиципирање на македонската воена моќ во структурите на ЗЕУ. Тоа од таму, што со тој чин ќе се обезбеди заокружување на севкупниот стратегиски контекст на Републиката како рамноправен партиципиент во ЕУ, и истата ќе биде во функција на заштитата и одбрана на македонските државни и национални интреси.

---

5. АП, 21. 01. 1993.

4. Новосоздадените регионални и планетарни воено-политички и геостратегиски состојби и процеси кои настануваат како последица на распаѓањето на блоковската разграниченост посебно се рефлектираат врз НАТО.[6] Таквата рефлексија е природна последица на состојбите создадени по победата на глобалната стратегиска мисла и практика на Западниот сојуз и на неговата одбранбена Алијанса, односно на американската стратегија како проминентна наднационална стратегија на Сојузот и Алијансата, во меѓустратегиската борба за надвладување на планетарните простори со спротивната страна, и настојувањата на поранешните држави на реалсоцијализмот и на новосоздадените на неговите поранешни простори одбраната на суверенитетот да го остваруваат во рамките на проверената колективна моќ на НАТО, со оглед на фактот дека на просторите на распаднатиот реалсоцијализам се ослободуваат и создават разни ратроградни сили и процеси кои во дадено време, услови и простори можат да бидат во состојба да го загрозат државно политичкиот субјективитет на веќе разграничените и признати државни и етнички ентитети.

Во тој контекст:

1. Во новосоздадениот планетарен стратегиски амбиент НАТО силно се пенетрира како воена сила на ООН, како единствено способен да се спротивстави на силите и процесите кои можат да го загрозат глобалниот светски мир и безбедност. Со благослов на ООН таквата функција ја извршува во актуелниот момент со неговото присуство во Босна и Ирак.

Во овој контекст, од глобален стратегиски аспект, чувајќи го светскиот мир надвор од својот просторен контекст, НАТО фактички стои на браникот на обезбедување на планетарното ширење на капитал системот што всушност е и глобална сратегисак цел на Западниот Сојуз.

Ваквата нова функција е во согласност со Соопштението на НАТО на Бриселскиот Самит од јануари 1994 година, во кое се прецизира дека заради пројавените и други причини кои можат да обусловат појава на нестабилност, затегнатост и судири се потврдува трајната потреба и нужност од постоењето на Сојузот.

2. Сојузот останува отворен за другите европски земји.

Од тој аспект, се покренува голема иницијатива за неговото просторно ширење преку т.н. инцијатива Партнерство за мир со која се повикуваат партнерите да им се придружат на новите политички и воени напори што треба да ги вложуваат заедно со Сојузот во интерес на мирот и безбедноста.

6. Види: Начевски Р., НАТО - ново руво стара слика, Збор, бр. 34 15. 10. 1995.

Во овој контекст, Партнерството претставува тактички стратегиски потег пред фактичкото ширење на Сојузот заради испробување на пулсот на силата на спротивставувањто од страна на актуелната руска стратегија, во која се заговара можноста за враќање на дел од загубениот стратегиски простор по распадот на СССР и Варшавскиот договор, кој коинцидира со просторот на Партнерството, пред се на европските земји кои пред блоковското конфронтирање од страна на советите беа отргнати од европскиот дом.

Македонската стратегија во Партнерството гледа како на временско интермецо кон де факто приклучувањето во НАТО, како попатна етапа која овозможува армортизирање на ударите на стратегиите на земјите од окружувањето и пошироко.

3. Геостратегиското значење на македонскиот простор во новосоздадениот стратегиски амбиент на Балканот е најголемиот македонски адут за целосна интегрираност во НАТО. Тоа произлегува од следното:

а) од заемниот стратегиски интерес. Од една страна, македонскиот интерес произлегува од фактот дека целосната интегрианост овозможува целосен правен, политички и воен легитимитет за ефектуирање на чл. 5 од НАТО договорот, според кој, македонскиот простор де факто ставен под чадорот на НАТО за секогаш ги минимизира и отфрла сите воени и други насилни опции дека со такви инструменти соседните земји ќе можат да извршат фрагментација на македонскиот колач како на нивно „наследено право" од Букурешкиот мир 1913 година или како на самодадено право на Призренската лига, а од друга страна НАТО интересот произлегува од фактот што македонскиот простор е значаен сегмент во целосното заокружување на Јужното крило на алијансата кон матицата.

б) Военото присуство на силите и средствата на НАТО на македонскиот простор се во функција на претходното искажување. Посебно кога станува збор за американското воено присуство треба да се искоренат сите видови на предрасуди. Ако американското воено присуство во Републиката се смета за чин на агресија, воена доминација, губење на независноста и слично, таквото видување претставува стратегиско слепило наследено од идеолошкото време, кога на американското воено присуство и употреба на нејзината воена моќ и војувања на туѓи простори се сметаше како на американска агресија а не како избор на воеанта опција во реализирањето на стратегиските цели произлезени од глобалната конфронтација капитализам-комунизам за ширење на едниот и другиот систем на планетарните простори. Како поткрепа на ваквиот став е тоа што во услови на надминати идеолошки конфронтации американската стратегиска мисла и практика се прифа-

ќа и наоѓа почва на ширење и на оние простори за кои до вчера се мислеше дека се неосвоиви бедеми за просторното ширење на капитал системот и на САД како негов предводник.

И обратно, американското воено псисуство во земјите на воената Алијанса не се сфаќа како акт на агресија и слично, туку како воена моќ која ја обезбедува и интензивира севкупната благосостојба на овие земји. И уште повеќе, на македонскиот простор американското воено присуство не само што има силна рефлексија врз акумулирањето на македонската воена моќ, туку на македонската плурална политичка сцена, согласно на американската „Стратегија на ширење“ [7] делува како фактор на елиминирање на квази националните интереси експонирани од разни политики и партии и на нивната стратегиска опција за делби и прекројувања на македонскиот простор, што е во директна спротивност со американскиот глобален стратегиски интерес на овој простор, бидејќи македонскиот простор во стратегијата е детерминиран како американски национален интерес.

Конечно, американското воено присуство, покрај претходно елаборираното, како присуство во НАТО контекстот има и економски ефект за македонската држава. На пример, според договореното за присуството на емериканските воени бази на грчкиот простор, државата годишно инкасира над 300 милиони долари;

в) целосната интегрираност во НАТО ја детерминира и организациско - функционалната поставеност на македонската воена организација и од тука произлезената стратегиска практика за употребата на силите и средствата. Тоа од таму, што итегрираноста подразбира висок степен на компатибилност на македонската воена организација со структурите на НАТО.

Од тука, со оглед на големината на македонскиот простор, посебно на најголемото воздушно растојание од една до друга крајна точка на просторот која не изнесува повеќе од 110 км и може да биде на стрелбено-уништувачки дофат на секое посовремено воено орудие на земјите од окружувањето во рамките на не многу развиени варијанти на „копнено-воздушната битка“ за нанесување на длабоки удари, а посебно поради недефинираниот одбранбен морал кај припадниците на македонските граѓани од другите националности па и поради неконсеквентноста на моралот кај исполитизираниот македонски етнос, недвосмислено се наметнува потребата за целосна професионализација на македонскиот воен сегмент во контекстот на системот на одбраната кој како конститувен сегмент ја подразбира и цивилната одбрана.

7. Поопширно: Начевски Р., „Стратегијата на ширење“ - нова филозофија на американската стратегиска мисла и практика во 21 век Јубилеен годишен зборник на Филозофскиот факултет, кн. 23 (49), Скопје, 1996, стр. 405 - 418.

Во актуелниот регрутен дел, до неговата целосна професионализација, почитувајќи го демократскиот кодекс на правата на индвидуата како воведена практика во развиените демократии, да се создадат предуслови за цивилно служење на воениот рок како одлука на совеста на граѓанинот.

Професионалната македонска војска би имала национален и наднационален сегмент со способности за интерактивно дејствување, што подразбира дека тие не се одвоени туку се оспособени за интерактивни и самостојни активности, а националниот со изградени способности и за интерактивно дејствување со силите на полицијата за извршување на превентивни или оперативни активности.

Со оглед на фактот дека не секогаш е можно да се предвидат појавата, големината и интензитетот на експонирање на силите и средствата на интерните непријателски расположени сили и можноста за нивно дејствување во спрега со екстерни инфилтирани нерегуларни или регуларни сили, се наметнува потребата за формирање на сили за брзи интервенции. Формацискиот состав би го сочинувале соодветни сили на интерниот професионален воен сегмент и сили на полицијата кои ќе бидат оспособени за интерактивно дејствување во секое време и на секој дел од македонскиот простор, кои за кратко време ќе бидат ставени во состојба на оперативно дејствување.

Силите и средствата на македонската воена моќ, нивниот квантитет и уништувачки квалитет подразбираат соодветен степен на организациска изграденост и функционална ефикасност кои целосно би биле во превентива или оперативна состојба да ги извршуват задачите во рамките на „Стратегијата на одвраќање". Тоа подразбира изградена способност потенцијалниот агресор да се одвраќа од военоагрсивните намери на дел или на целиот македонски простор, чинејќи ги неговите немери бесцелни и нерационални. Способноста подразбира одвраќање и од намерите пресметани за фрагментација на македонскиот простор од страна на интерните непријателски расположени сили.

Меѓутоа, ако агресијата сепак е извршена, во тој случај стратегијата во функција ги става силите и средствата оспособени за нанесување на „длабоки удари" по виталните воени инсталации и индустриски капацитети на агресорот, односно дезефектуирање и уништување во услови на кратко војување, на агресорските сили и средства и на македонскиот простор. Истото се однесува и за фрагментарните сили и средства на интерниот непријател.

Ваквата способност за превентивно и активно одвраќање произлегува од целосно интегрираниот контекст на македонската и НАТО воена моќ и на интерактивните способности и изграденсот на воено-професионалните и полициските сили на Република Македонија.

Од експликацијата на дадените стратегиски основи на Македонската стратегија за 21 век, произлегува заклучокот дека благосостојбата и моќта на државите во постиндустрискиот развој на цивилизацијата не се стекнуваат и бранат со љубоморното чување на неподеливиот суверенитет и моќта на сопствената воена сила туку со интегрирањето на сопствениот стратегиски контекст во интеграциите на цивилзираниот свет. Оттука, достигнатиот степен на интегрираност во политичките, економските и воените асоцијации и колективитети е основниот критериум кој го одредува и степенот на благосостојбата и кооптивната моќ на државата, како нова форма на одбрана и заштита на државните и националните интереси во 21 век.

Radko NAČEVSKI

**NATIONAL AND OVERNATIONAL IN STRATEGY CONTEXT OF REPUBLIC OF MACEDONIA IN 21 CENTURY**

(Summary)

The aim of this study, based upon the scientific observation of the external and internal strategic pulsations in the newly - created strategic ambient after the fall of the real - socialism, is a global elaboration of the basic suppositions of the strategic idea and the factors which determine the modern Macedonian strategic thought and practice. On the basic of their explicition a conslusion is drawn that the achieved level of power of the forces and the means of the Macedonian strategy on the threshold of the 21. centrury, is determined by the the level of their integration into the European i.e. trans - Atlantic strategic context.